Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА

ОКСЗД

Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број: 08-1091/5
________ година
09-04-2025

Постапувајќи по претставка бр. 08-582/1 од 26.8.2024 година поднесена од
против
за извршена дискриминација врз основа на телесен инвалидитет во областа на работа и работни односи, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 21, став 1, точка 14 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Службен Весник на Република Северна Македонија бр. 258/2020 од 30.10.2020) го донесе следното

## МИСЛЕЊЕ

**НЕ СЕ УТВРДУВА ДИРЕКТНА ДИСКРИМИНАЦИЈА** врз основа на телесен инвалидитет во областа на работа и работни односи сторена од страна на
( а врз

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Во Комисијата за спречување и заштита од дискриминација архивирана е претставка бр. 08-582/1 од 26.8.2024 година, поднесена од страна на за сторена дискриминација врз основа на телесен инвалидитет во областа на работата и работните односи од страна на

Согласно наводите на претставката, подносителката била вработена во
ко телесно инвалидно лице на работна позиција администратор, при што во претставката тврди дека веќе 1 година трпела дискриминација од страна на
Во однос на ова, истакнува дека на 1.7.2024 година, за време на извршување на нејзините работни задачи, вработениот
атил навреди кон нејзе, користејќи погрдни зборови, омаловажувајќи ја подносителката, поради што истата тврди дека ѝ влевало чувство на страв, вознемиреност и пониженост пред клиентите и останатите вработени лица. Во однос на ваквото чувство на вознемиреност, во претставката е наведено дека подносителката побарала лекарска помош.

На крајот на претставката, подносителката истакнува дека се чувствува дискриминирана поради нејзиниот телесен инвалидитет, наведувајќи дека работните задачи ги извршувала стручно и професионални и немала никакви поплаки во однос на нивното досегашно извршување.

На 25.10.2024 година, подносителката достави документација во прилог на претставката која се состоеше од:

- Наод и мислење за определување на работи кои може да ги извршува подносителката како телесно инвалидно лице
  издадено од страна на Министерство за труд и социјална политика, Комисија за определување на работи кои може да ги извршува инвалидното лице;
- Наод и мислење за видот и степенот на попреченоста во физичкиот или психичкиот развој и специфичните потреби на подносителката


ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

издадено од ЈЗУ Клиничка болница

- Известување по претставка поднесена до Државен инспекторат за труд бр. 09-464/2 од 19.8.2024 година;
- Пријава/одјава - М1/М2 образец од 23.7.2024 година во кој е евидентиран прекин на работниот однос со отказ од работодавачот;
- Исечок од екран со порака за писмено известување за боледување од 1.7.2024 година;
- Решение за степен на попреченост бр. 07-116 од 8.7.2014 година издадено од
- Медицинска документација за привремена спреченост за работа (боледување) од 16.7.2024 до 31.7.2024 година.

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација согласно член 24 став 7 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, на ден 1.11.2025 година испрати Известување бр. 08-582/4 за произнесување по наводите од претставката до

На ден 4.12.2024 година, до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше доставен одговор на известувањето за произнесување од страна на наведените потенцијални дискриминатори, заведено под арх. бр. 08-582/5.

Во рамки на произнесувањето е доставен одговор од страна на сите 3 лица посочени во претставката. Лицето која е заведена како сопственичка и управителка на , наведува дека не е во работен однос во фирмата, при што работи како компјутерски програмер во странска компанија со претставништво во Скопје, во продолжение на што наведува дека немала никаков контакт со подносителката на претставката која била вработена во Оттука, напоменува дека како работодавач немала добиено известување за нејзиното отсуство од работа, при што истакнува дека во решението за отказ биле образложени причините за истиот, нагласувајќи дека не била извршена никаква дискриминација.

Во однос на одговорот на лицето , тој наведува дека тој не ѝ е работодавач на подносителката како што е наведено во претставката, туку е вработен како администратор, нагласувајќи дека и тој како подносителката е телесно инвалидно лице, за што во прилог на произнесувањето доставува и М1/М2 образец согласно кој во АВРСМ се води како инвалидно лице. Во однос на наводите за дискриминација и известувањето за боледување, во одговорот е наведено дека известувањето за боледување е паушално наведено, имајќи го предвид фактот дека тој не бил работодавач на подносителката, при што во продолжение ги отфрла и наводите за сторена дискриминација врз подносителката, повикувајќи се на нејзини искази дадени пред службени лица од Министерството за труд и социјална политика, кои во текот на летниот период извршиле контрола кај нивниот работодавач, во прилог на што подносителката на претставката истакнала „дека е презадоволна од коректниот однос на колегите и нејзиниот работодавач".

Вработениот произнесувањето целосно ги отфрла наводите од претставката за заштита од дискриминација. Во оваа смисла, тој наведува дека е вработен во фирмата како инвалидно лице на работно место шалтерски работник – администратор, при што нагласува дека немал никаква потреба да врши дискриминација врз подносителката преку вербални навреди и омаловажувања. Во прилог на одговорот е доставен и М1/М2 образец согласно кој лицето засновало работниот однос во како инвалидно лице.

Поради потребата од прибирање на дополнителни информации во врска со наводите во претставката, а со цел кредибилно и мериторно донесување на мислење, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација на ден 10.12.2024 година до подносителката на претставката достави барање за информации согласно член 30 став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, со барање да биде доставено решението со кое на подносителката ѝ е откажан договорот за вработување на 23.7.2024 година.

Поради фактот што Комисијата доби поштенска испратница за уредна достава на барањето до адресата на подносителката на 13.12.2024 година, но не доби одговор на предметното барање, истото беше испратено и на електронската адреса за контакт на подносителката на 25.12.2024 година, на кое исто така не беше одговорено.

Во продолжение на претходно преземените процесни дејствија, а со цел целосно и кредибилно утврдување на фактичката состојба, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација на 17.1.2025 година до Државниот инспекторат за труд – достави барање за доставување информации во врска со претставка бр. 08-105/1, со барање за документацијата од спроведениот инспекциски надзор во врска со отказот на подносителката, при што потребна беше документацијата која се состоеше од:

- Записникот 09-494 од 15.8.2024 година изготвен од страна на ,
- Решението за престанок на работниот однос на од 23.7.2024 година дадено од страна на нејзиниот тогашен работодавач;
- Решение за поништување на Решението за престанок на работниот однос.

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше известена од поштенските служби за уредна достава на предметното барање на 21.1.2025 година, при што не доби одговор на истото во законски предвидениот рок. Следствено на ова, Комисијата испрати барање за информации бр. 08-105/2 согласно член 30 став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација со идентична содржина до Државниот инспекторат за труд – 13.3.2025 година

На 1.4.2025 година, до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше доставен одговор на барањето за информации од страна на Државниот инспекторат за труд , заведено под арх. бр. 08-105/3.

Во предметниот одговор, ДИТ ја известува Комисијата за спречување и заштита од дискриминација дека не е јасно зошто и од кои причини второстепениот орган го поништил актот на ДИТ поради што во моментот на испраќање на одговорот има застој на постапката поради постоење на судски спор за престанокот.

Во прилог на доставениот одговор, ДИТ ја достави следната документација:

- Решение за престанок на работен однос бр. 16/24 од 23.7.2024 година;
- Записник за извршен инспекциски надзор бр. 09-464 од 15.8.2024 година од страна на ДИТ
- Решение за изрекување опомена издадено од ДИТ в.в. со извршен инспекциски надзор над субјектот на 15.8.2024 година;
- Жалба до Државна комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочна постапка – Скопје бр. 09-72 од 30.8.2024 година, поднесено од страна на (

- Решение ИП2 број 1201-18 од 30.1.2025 година, издадено од Државна комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен односи и инспекциски надзор во втор степен.

Имајќи ја во предвид претставката, произнесувањето по истата како и сите дополнително доставени докази и информации, во конкретниот случај, Комисијата ја утврди следната фактичка состојба:

Подносителката на претставката била вработена кај потенцијалниот дискриминатор на работно место администратор како лице со телесен инвалидитет, преку посредување со Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија. Во претставката, подносителката тврди дека на 1.7.2024 година го известила работодавачот за нејзино отворено боледување, за што во прилог доставила принт скрин (исечок од екран) од електронски разговор во кој известила еден од вработените кој е наведен како потенцијален дискриминатор, на што не добила повратен одговор или потврда. Следствено на ова, на 23.7.2024 година, работодавачот онел Решение за престанок на работниот однос на подносителката бр. 16/24, при што во предметното решение било образложено дека „на ден 1.7.2024 година вработената по претходно извршена уплата на дневен промет во банка, со дрско и многу непријатно однесување пред клиентите го напушти работното место без да го извести работодавачот. Се до ден денес работодавачот нема добиено писмена потврда или известување за нејзиното отсуство", последователно на што работодавачот изрекол решение за престанок на работниот однос, согласно член 81 став 1 точки 1, 2, 5 и 6 од Законот за работните односи, кои гласат:

*„(1) Работодавачот може на работникот да му го откаже договорот за вработување без отказен рок во случаите на кршење на работниот ред и дисциплина или неисполнување на работните обврски утврдени со овој или друг закон, колективен договор, правилата за работниот ред и дисциплина и договорот за вработување, а особено ако работникот:*

*1) Неоправдано изостане од работа три последователни работни дена или пет работни дена во текот на една година;*
*2) Го злоупотреби боледувањето;*
*5) Стори кражба или во врска со работата намерно или од крајно невнимание предизвика штета на работодавачот;*
*6) Оддаде деловна, службена или државна тајна."*

По вака изреченото отказно решение, подносителката на 26.7.2024 година поднела претставка до Државниот инспекторат за труд, по која ДИТ постапил на 15.8.2024 година и извршил вонреден инспекциски надзор на правниот субјект

При вака извршениот инспекциски надзор, инспекторатот по увид во електронската комуникација помеѓу подносителката и вработениот утврдил дека била испратена порака со која таа известува дека од 1.7.2024 е на боледување. Во врска со претходно наведеното, ДИТ констатирал дека не било приложено боледување со почеток од 1.7.2024, но согласно комисиското боледување бр. 18-14/2267 од 17.7.2024, наведено е дека боледувањето започнато на 1.7.2024 се продолжува од 16.7.2024 до 31.7.2024 година. Согласно вака утврдената фактичка состојба, Државниот инспекторат за труд донел Решение за изрекување опомена бр. 09-464/1 на 16.8.2024 година, со кое утврдува дека донесеното решение за отказ е незаконито, поради фактот што вработената била на боледување кога ѝ бил изречен отказ поради отсуство од работа, дополнително на што е забележано дека формата на самото решение за отказ е нецелосна, односно истото не содржи вовед, диспозитив и правна поука. Следствено на вака утврденото, ДИТ му наложил на а го поништи решението за отказ и да ја врати вработената на работа во рок од 8 дена.

Против вака донесеното решение од страна на ДИТ, на 30.8.2024 година однел жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен, последователно на што на 30.1.2025 година, наведената Државна комисија донела Решение со кое ја уважува вака поднесената жалба и го поништува Решението на ДИТ а предметот го враќа на повторно постапување и одлучување кај првостепениот орган. Притоа, во моментот на носење на ова мислење, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација не беше известена за исходот од повторената постапка, а согласно дополнително доставените информации од страна на ДИТ на 1.4.2025 година, во моментот на доставување на предметниот поднесок има застој во постапката на инспекторатот поради покренат судски спор за престанокот на работниот однос.

Оттука, земајќи ги во предвид наводите во претставката, одговорот од произнесувањето по истата како и останатите прибавени релевантни факти, докази и информации, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација утврди дека не станува збор за извршена дискриминација од страна на врз согласно **член 6 од Законот за спречување и заштита од дискриминација** кој гласи:

*„Дискриминација е секое разликување, исклучување, ограничување или давање првенство што се заснова на дискриминаторска основа, со сторување или несторување, што имаат за цел или резултат спречување, ограничување, признавање, уживање или остварување на правата и слободите на одредено лице или група на еднаква основа со други. Ова ги опфаќа сите форми на дискриминација вклучително и оневозможување на соодветно приспособување и оневозможување на пристапност и достапност на инфраструктурата, добрата и услугите".*

Имено, Комисијата констатира дека во конкретниот случај не е исполнета законската дефиниција за дискриминација, ценејќи ја заштитната карактеристика на подносителката – телесниот инвалидитет, кој истата го наведува како релевантен дискриминаторски основ за наводите за дискриминација. Оттука, имајќи ја предвид фактичката состојба, особено фактот дека кај работодавачот на подносителката биле вработени и други лица со телесен инвалидитет, во конкретниот случај не постои компаратор – лице кое се наоѓа во споредлива ситуација со подносителката, а во однос на кое е постапено понеповолно врз основ на нејзината телесна попреченост како наведен дискриминаторски основ. Следствено на ова, Комисијата утврди дека не постои каузална врска помеѓу наведената дискриминаторска основа и донесеното решение за отказ, при што истото, без разлика дали дополнително би било утврдено дали е законски или противзаконски донесено во рамките на судската постапка за спор од работен однос, не претставува акт на дискриминација согласно член 6 од Законот за спречување и заштита од дискриминација. Во смисла на претходно наведеното, решението за отказ, како што е образложено во самата содржина на истото, било донесено поради кршење на работниот ред и дисциплина согласно член 81 од Законот за работните односи, при што не може да се утврди дека вака донесениот отказ бил во некаква каузална врска со телесната попреченост на подносителката.

Оттука, имајќи ја предвид законската дефиниција, Комисијата не пронајде дека била сторена дискриминација врз основа на телесна попреченост во областа на работата и работните односи од страна на

врз


ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

Согласно надлежностите од член 21 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, а во врска со член 27 став (1) од истиот Закон, врз основа на погоре изнесеното, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација одлучи како во диспозитивот на мислењето.

Комисија за спречување и заштита од дискриминација
Претседател на Комисијата
Лимко Бејзароски

Доставено до:

КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia

+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk